СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

# Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Берово

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Берово.
Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Берово.

Во однос на ЛЕАП-от општината Берово има донесено ЛЕАП во 2004 кој е со истечен рок и тело за следење на имплементацијата не е формирано.

Активностите кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи се спроведуваат од страна на општина Берово и има издадено 2 (две) дозволи за усогласување со оперативен план во 2013 година од кои едната веќе има добиено Б-ИЕД. Во постапка на издавање се уште 2 (две) барања за БИЕД. Административен капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на елаборати е едно вработено лице - Васко Буровски- Соработник за заштита на животна средина. Вработениот нема соодветно овластување за водење на оваа постапка.
Надворешен план за вонредни состојби не е донесен.

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека во општина Прилеп се одвива постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Во 2019 година се одобрени 12 елаборати, во 2020 година има одобрено 7 елаборати. Административен капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на елаборати за животна


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

средина вработеното лице Васко Буровски- Соработник за заштита на животна средина.

Се води регистер на одобрени елаборати електронски и писмено.

Општина Берово не води катастар за животна средина.

Се констатира дека општината треба да го зголеми административниот капацитет со уште најмалку 3 вработени во оваа област од кои еден да ја врши надлежноста на овластен инспектор за животна средина која нетреба да биде вршена од страна на истото лице кое ги води постапките за дозволи и одобрувања на елаборати.

Општината Берово нема воспоставено меѓуопштинска соработка.

Општината Берово има донесено план за управување со отпад на ден 30.03..2015 година за период 2015-2020. Програмата за управување со отпад не е донесена. Општината има одредено локација за претоварна станица за отпад. Не е подготвен консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности во делот управување со отпад. Има пропишано посебни правила за постапување со отпад односно има донесено Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Берово. На територијата на општината функционира ЈПКР УСЛУГА Берово кој врши собирање и транспорт на отпад. Постои локација за одлагање на инертен (градежен) отпад која се наоѓа во “Црвен Брег” Берово. Општина Берово има определено локација за неопасен и комунален отпад “Илјадин Валог” Општината нема информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот. Нема склучено договор за управување со отпад од пакување.

Советот на општина Берово има донесено одлука за усвојување на Елаборат за начинот на определување и одржување на заштитните зони во сливот на акумулацијата “Ратево” наменета за водоснабдување на градот Берово и околните селски населби. Општина Берово има донесено годишна програма за заштита од штетно дејство на водите во 2019 година, исто така има донесено и оперативен план за заштита и одбрана од поплави во 2015 година. ЈКП Услуга Берово има надлежност и за одржување на системот за водоснабдување со вода за пиење.

Општина Берово нема дозвола за испуштање отпадни води во реципиент, нема означено зони за капење, нема определено граници на ерозивно подрачје, нема донесено Програма за мониторинг на водите

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

Во однос на бучавата Општината Берово нема преземено соодветни активности.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина се спроведуваат односно еден дел од овие надлежности но ангажиран е само еден вработен и според тоа не е возможно целосно спроведување на надлежностите.

-Комисијата дава препорака во општината итно да изврши измена на систематизацијата на работни места на општината. Да се оформи посебно одделение за животна средина со раководител кој веќе го има искуството од оваа област и да опфаќа најмалку уште 3 работни места чиј опис и попис на работни места би ги опфаќале сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

-Потребно е општината да ги превземе предходно наведените укажувања и во рок од 6 месеци и да го извести МЖСПП во однос на истото. Во спротивно министерството ќе биде принудено да постапи согласно член 212 од Законот за животна средина односно да ја одземе надлежноста на општината за сметка на општината.

Скопје, 21.10.2020 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk